**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА БОГДАНЦИ**
**Број:** 11-761/4
**Од** 20.10 **2022 год.**

*Одделение за урбанизам и градежништво*

Врз основа на член 46 став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" број 32/20 ), Градоначалникот на Општината Богданци ја донесува следната:

## О Д Л У К А

**За менување и дополнување на О Д Л У К А**

**за формирање на Партиципативно тело**

**Член 1**

Со ова Одлука се менува и дополнува Одлуката за формирање на Партиципативно тело бр 11-42/2 од 20.07.2021г.

**Член 2**

Членот 1 од Одлуката станува член 2 и гласи:

За обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање, Општините задолжително формираат партиципативно тело.

Партиципативното тело ги претставува сите различни интереси и интересни групи во локалната заедница и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

Партиципативното тело се состои од членови на комисијата за урбанизам на општината што ги одредува градоначалникот, стручни лица вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа, лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот.

Учеството на лицата вработени во единицата на локалната самоуправа во партиципативното тело е по службена должност, а на лицата што не се вработени во единицата на локалната самоуправа учеството е на доброволна основа.

Партиципативно тело се состои од 7 члена од кои 6 (четири) постојани и 1 (еден) променлив член во зависност од претставникот на планерската куќа чиј план е предмет на разгледување .

Бројот на граѓански членови на партиципативното тело што се пријавиле по јавен оглас на доброволна основа не е ограничен.

**Член 3**

Членот 2 од Одлуката станува член 3 и гласи:

За членови на Партиципативното тело во Општина Богданци, се именуваат:

1. Соња Маџирова, диа, овластување за изработка на урбанистички планови бр.411, вработена во општина Богданци и член на комисија за урбанизам

2. Ана Чугунцалиева, диа, овластување за изработка на урбанистички планови бр .188, член на комисија за урбанизам

3. Ивана Баламовска Илиева, диа, овластување за изработка на урбанистички планови бр.547, член на комисија за урбанизам

4. Ивана Ников, диа вработена во општина Богданци

5. Стојан Стаменковиќ, диа, вработен во општина Богданци

6. Мери Тодорова, дги, вработена во општина Богданци

7. Претставник на планерската куќа чиј план е предмет на разгледување.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил
Соња Маџирова, диа.

**Градоначалник на Општина Богданци**

**Блаже Шапов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ГРАДОНАЧАЛНИК • ОПШТИНА БОГДАНЦИ